РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 10-2218/2
16.10.2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение ИМПЕТУС Скопје, [redacted] , со број 10-2218/1 од 09.09.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Здружение ИМПЕТУС Скопје, [redacted] заверено под број 10-2218/1 од 09.09.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот на информацијата Здружение ИМПЕТУС Скопје, [redacted], преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 09.09.2025 година заверено под број 10-2218/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација Листа на правни лига/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поствување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање; Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координанти, опис, кому е доделена позицијата); Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите; Договорите кое се склучени со правните лица.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Ве информираме дека при добиениот одговор од Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка, Општина Ресен нема потпишано договор за користење на простор за постапување на билборди за рекламирање.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
ПРЕСПА
РЕСЕН